# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ВО 2017



Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените

# ЗА ЕСЕ

Здружението ЕСЕ е граѓанска организација која работи на подобрување на имплементацијата на социјалните и економски права на ранливите групи на граѓани, преку нивно зајакнување, мобилизирање и вклучување во планирањето, спроведувањето и оценувањето на јавните политики и услуги во Р. Македонија.

ЕСЕ се води од својата посветеност кон решенија на проблемите. По пат на промовирање и унапредување на човековите права ја подобруваме социјалната и економската правда, притоа сметајќи дека правата на човекот претставуваат неделив збир од стандарди што треба сите да ги уживаат. Посебно сме посветени на работата на полето на промовирање и унапредување на здравствените права и правата на жените. Затоа сме фокусирани на две цели – да излеземе во пресрет на итните потреби на граѓаните, посебно на ранливите групи, и да влијаеме при креирањето на одржливи, долгорочни промени. Правиме многу повеќе од документирање, пријавување и осуда на нанесените неправди. Обезбедуваме правна и параправна помош и на тој начин им овозможуваме на граѓаните да ги остварат своите права и да ги променат условите во кои живеат. Но, уште повеќе, се застапуваме за менување на законите и политиките што влијаат врз спроведувањето на здравствените права и правата на жените. Застапуваме на национално, но, и на меѓународно ниво. Подготвуваме и поднесуваме „извештаи во сенка" и други видови документи за спроведување на меѓународните документи за правата на човекот пред одговорните меѓународни тела.

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| | НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ВО 2017 ГОДИНА | 4 |
| 1 | ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 8 |
| 2 | ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 15 |
| 3 | УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 23 |
| | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | 29 |

# НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ВО 2017 ГОДИНА

- Започнавме со практична имплементација на интегрираниот концепт (социјална отченост и правно зајакнување) со цел унапредување на здравјето на Ромските заедници, по процесот на планирање и подготовка кој се одвиваше во 2015 и 2016 година.
- Ја унапредивме соработката со Министерството за здравство преку заедничка соработка во однос на унапредување на транспарентноста, планирање за вклучување на методологиите за социјална отчетност во следење на програмите на Министерството, како и наше учество во работните групи за подготовка на измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита и во работната група за подготовка на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата.
- Спроведовме истражување помеѓу населението на национално ниво со цел утврдување на обемот и влијанието на неплатена работа за нега на тешко болни лица во домаќинствата, прво од ваков вид во нашата земја.
- Го проширивме полето на применување на мониторинг на заедницата на уште едно социјално и економско право, односно на правото на вработување. Започнувајќи од 2017 година па во следните три години во партнерство со Акција Здруженска и соработка со четири локални граѓански организации ќе го следиме спроведувањето на активните мерки за вработување и со тоа ќе работиме кон подобрување на пристапот на жените до пазарот на труд.
- Оваа година како партнери на Коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници започнавме со промовирање на владеењето на правото и еднаквиот пристап до правдата за сите како една од Целите за одржлив развој на Обединетите Нации како вовед во многу посуштински и значајни промени во однос на решавање на правните проблеми на граѓаните и особено на ранливите групи на граѓани.

- Врз основа на податоците собрани од евиденцијата на ГО и одговорите на лицата кои користеле различни видови на правна помош, ги правиме првите пионерски чекори во насока на утврдување на цената на чинење на трите различни модалитети на правна помош во нашата земја. На тој начин придонесуваме кон утврдување на различните видови на трошоци за пристап до правда, на чиј товар паѓаат овие трошоци и да се утврди кои трошоци треба да ги плаќа државата со цел овозможување на ефективен пристап до правда.
- Со посебно внимание и вложувајќи сериозни напори му приоѓаме на процесот на зајакнување на познавањата и вештините на 35 параправници кои под закрилата на шест граѓански организации обезбедуваат параправна помош на Ромите, сексуалните работнички и текстилните работници и други ранливи групи на граѓани во нашата земја. Оваа година одржавме две обуки на теми од областа на казненото право и постапка; семејното, имотното и наследното право и семејното насилство како еден од облиците на насилство врз жените користејќи методи за зајакнување на теоретските познавања, но и примена на стекнатите знаења преку нивна примена на студии на случаи и игра на улоги.
- Врз основа на резултатите од оценување на степенот на правна и судска заштита за жените кои претрпеле насилство, преку судско набљудување на 344 предмети, односно 780 судски рочишта на кривични и граѓански предмети поврзани со насилство врз жените ги дефиниравме препораките за подобрување на постапувањето на судовите и останатите институции вклучени во правниот систем на заштита.
- Заедно со практичарите, судиите и надлежните институции работиме на забрзување на суштинските реформи во казнениот и граѓанскиот систем со цел подобрување на законските основи и степенот на применување на законски предвидената заштита на жените кои претрпеле насилство.
- Ги охрабруваме жените кои претрпеле насилство да го пријават насилството зголемувајќи ја нивната запознаеност со законски предвидените можности за заштита и особено со судската заштита, преку подготовка на Водичи на македонски, албански и ромски.

- Во континуитет работиме на зголемување на јавната свесност за значењето на фискалната транспарентност преку кампањата "Фискална Транспарентност Македонија" и запознавање на јавноста со резултатите од работењето на ЕСЕ преку кампањата "Здружение ЕСЕ", на социјалните медиуми во чии рамки објавивме над 600 поединечни информации и видеа, кои беа видени во над 2,5 милион наврати.
- Како резултат на нашето активно учество во работните групи за фискална транспарентност и пристап до информации во процесот на Отворено владино партнерство, Владата на РМ го задолжи Министерството за здравство да ги финализира и објави извештаите за програмска и буџетска имплементација на секоја од превентивните и куративните програми од буџетот на министерството и да започне со пилотирање на методологиите на социјална отчетност.
- Нашите долгогодишни напори резултираа со подобрено постапување во постапките за пристап до информации од јавен карактер, а Министерството за правда иницираше постапка за измени и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
- Владата на РМ усвои листа на документи и информации кои јавните институции треба да ги објавуваат на своите интернет страници, додека Бирото за јавни набавки воведе можност за објава на доделените договори за јавни набавки за постапките за доделување на договор за јавна набавка.
- Дадовме значаен придонес кон зголемување на јавната свесност за прашањето за пристап до информации од јавен карактер преку одбележување на Меѓународниот ден на правото на слободен пристап до информации и соработка со Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Уште повеќе доставивме и предлози за измени и дополнување на постоечкиот закон кој ја уредува оваа материја.

# СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ

# 1

# ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА



# 1.1.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА ВКЛУЧУВАЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНКА НА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ПРЕКУ СОЦИЈАЛНА ОТЧЕТНОСТ И ПРАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ

Во однос на јакнење на капацитетите на ромските граѓански организации и обезбедената техничка поддршка за спроведување на интегрираниот пристап (социјална отченост и правно зајакнување) со цел унапредување на здравјето на Ромските заедници, во тек на 2017 година ЕСЕ продолжи со работата за обезбедување на техничка поддршка на три ромски партнерски организации, кои работат во општините Шуто Оризари, Делчево, Пехчево и Виница. Во таа насока континуирано го следевме процесот на прибирање на податоци од ромските заедници преку прашалникот за влез во домаќинствата, кој беше подготвен во 2016 година. Преку овој прашалник персоналот (фацилитаторите) на партнерските ромски организации, со асистенција од страна на аниматорите (претставници од заедницата) собираа податоци од ромските семејства во заедниците во кои што работат во однос на теми поврзани со здравствената состојба, пристапот до здравствените услуги и прекршување на здравствените права. Со цел доследно спроведување на прашалникот обезбедивме инструкции за спроведување на истиот и на редовна основа вршевме контрола на квалитетот на собирање на податоците и по потреба обезбедувавме дополнителни инструкции. По спроведувањето на прашалникот, во соработка со консултантите од школата за јавно здравје при Универзитетот Џонс Хопкинс извршивме првична обработка на податоците кои специфично се однесуваат на здравјето на мајките и децата и женското репродуктивно здравје. Податоците беа споделени со партнерските ромски организации со цел истите да добијат увид во состојбите во заедниците каде што работат. Со цел запознавање на самото ромско население со наодите, подготвивме методологија и дата бази за подготовка на Картичката за оценка од заедницата, која потоа беше подготвена од партнерските организации и наодите беа споделени со заедницата. Со цел прибирање на квалитативни податоци од повеќе извори во однос на пристапот до превентивна здравствена заштита за жените, мајките и децата, подготвивме прашалници за дискусија во фокус групи со ромското население и прашалници за интервјуа со релевантни здравствени работници, кои потоа беа спроведени од страна на партнерските ромски организации.

Со цел едукација и информација на ромската заедница за здравствените права по однос на здравствената заштита на жените, мајките и децата, како и за правата на пациентите подготвивме материјали и насоки за едукација на три теми. Соодветно на подготвените материјали фацилитаторите од партнерските ромски организации ги спроведоа едукациите во ромските заедници.

ЕСЕ обезбеди техничка поддршка за партнерските ромски организации и во процесот на спроведување на социјална ревизија по однос на оценка на реализација на патронажните посети во ромските домаќинства, како и по однос на оценка на опфатот на жените Ромки со Програмата за скрининг на рак на грлото на матката. Во таа насока подготвивме листа на прашања и надлежни институции, според кои партнерските организации подготвија барања за пристап до информации од јавен карактер. Потоа подготвивме база на податоци за прибирање и анализа на добиените податоци и насоки за спроведување на процесот на социјална ревизија.

Во 2017 година ЕСЕ обезбеди техничка поддршка за спроведување на процес на мониторинг и анализа на буџети од страна на партнерските ромски организации, по однос на спроведување на превентивните програми на Министерството за здравство (Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите и Програмата за скрининг на рак на грлото на матката) од страна на здравствените установи на локално ниво во општините каде што работат партнерските организации. Во таа насока подготвивме листа на прашања за поднесување на барања за пристап до информации од јавен карактер, обезбеди техничка поддршка за подготовка на барањата и подготви електронска база за внесување и обработка на добиените податоци. Согласно на утврдените потреби спроведовме еднодневна обука за партнерските ромски организации на тема анализа на буџетски податоци.

Во 2017 година започнавме во обезбедувањето на техничка поддршка посебно внимание посветивме на подготовка на локалните стратегии за застапување на партнерските организации со цел унапредување на здравјето на мајките и децата и репродуктивното здравје на жените преку унапредување на пристапот до превентивните здравствени услуги. Со помош на надворешна експертка, која одржа две работни средби со партнерските организации и обезбеди насоки и препораки за унапредување на стратегиите, подготвени се стратегии за имплементација на активности за застапување во 2018 година кои се во финална фаза на подготовка.

Во однос на јакнење на капацитетите на граѓанските организации кои работат на полето на вработливост и вработеност на жените за спроведување на методологиите на социјална отчетност, во 2017 година ЕСЕ спроведе обука во два модули за примена на методологиите на социјална отчетност на ова поле за претставници од 11 локални граѓански организации (активноста е детално опишана во точка 1.5.).

Здружение ЕСЕ во континуитет работи на јакнење на капацитетите на граѓанските организации од Македонија, регионот на Југоисточна Европа и Азија за примена на методологиите на социјална отчетност (мониторинг и анализа на буџети, мониторинг во заедницата, социјална ревизија). Во 2017 година, спроведовме шест три дневни обуки за мониторинг и анализа на буџети и буџетско застапување на

кои присуствуваа повеќе од 200 лица претставници на граѓански организации од Литванија, Грузија, Бугарија, Украина, Белорусија, Казахстан, Таџикистан, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Македонија. Развивме прирачник за буџетски мониторинг и застапување наменет за организации кои работат во областа на намалување на штети. Обезбедивме менторство за спроведување на мониторинг на буџети и буџетско застапување на пет граѓански организации од РМ, националната платформа за превенција од ХИВ, Евроазиската мрежа на организации кои работат на полето на намалување на штети и Регионалната мрежа за дроги и политики на Југоисточна Европа.

Исто така, подготвивме и спроведовме две работилници за стратешко планирање за имплементацијата на методологијата на мониторинг во заедницата за две организации кои работат на полето на унапредување на здравјето на Ромите од Романија (Букурешт и Клуж).

Во 2017 година**,** ЕСЕ ја презентираше методологијата на работата на интегрираниот пристап (социјална отченост и правно зајакнување) на меѓународен настан, организиран од Фондацијата Отворено општество, пред 25 претставници на граѓански организации кои работат на полето на унапредување на здравјето на Ромите од Македонија и од земјите од регионот на Југоисточна Европа (Бугарија и Романија)**.**

# 1.2.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И ГО-и ВО КРЕИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И МОНИТОРИНГ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ

Согласно Акцискиот план за Отворено владино партнерство, Министерството за здравство е обврзано да пилотира примена на методологиите на социјална отчетност со цел мониторинг и евалуација на превентивните програми. Во таа насока во 2017 година одржавме средба со претставници од Министерството за здравство со цел презентирање на методологиите на социјална отчетност на кои работи ЕСЕ (мониторинг во заедницата и социјална ревизија). Воедно, на средбата беше утврдено дека примената на овие методологии ќе се пилотира на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата. Дополнително на претставниците на министерството по електронски пат им доставивме ресурсни материјали кои се однесуваат на примената на овие методологии.

# 1.3.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И ПРИСТАПОТ КОН ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА ЖЕНИ, МАЈКИ И ДЕЦА

Во 2017 година ЕСЕ спроведе постапка за мониторинг на програмската и буџетската имплементација на три превентивни програми на Министерството за здравство за 2016 година кои се однесуваат на унапредување на здравјето на мајките и децата и унапредување на репродуктивното здравје на жените (Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите и Програмата за рана детекција на малигни заболувања – компонентата за скрининг на рак на грло на матката и компонентата за скрининг на рак на дојка). Постапката беше спроведена преку поднесување на барања за пристап до информации од јавен карактер до Министерството за здравство и сите јавни здравствени установи кои ги имплементираат програмите. Добиените податоци беа внесени во електронска база на податоци и беа анализирани. Врз основа на подготвената анализа ќе биде подготвен документ со цел да се прикаже степенот на реализација на програмите, утврдените недостатоци и препораки за нивно унапредување.

Во 2017 година учествувавме во работната група на Министерството за здравство за подготовка на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2018 година, при што поднесовме барање со предлог мерки кои треба да бидат вклучени со цел унапредување на превентивната здравствена заштита на мајките и децата, со посебен осврт на ранливите групи (ромски и рурални заедници). Исто така, до заменикот Министер за здравство поднесовме писмено барање со конкретни предлог мерки кои треба да бидат вклучени во Програмата за скрининг на рак на грло на матката за 2018 година.

Во 2017 година во рамки на канцеларијата на ЕСЕ продолжи со работа Женскиот здравствен информативен центар со цел обезбедување на бесплатни, квалитетни и веродостојни информации и советување за жените во врска со репродуктивното здравје, менопауза и остеопороза, како и да понуди бесплатни услуги. Во тек на 2017 година во центарот се обратија 32 жени со цел да добијат здравствени информации, како и за мерење на крвниот притисок.

# 1.4.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И ПРИСТАПОТ КОН ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА РОМИ

Податоците кои беа прибрани преку прашалниците пополнети при влезот во домаќинствата (опишани во точка 1.1.) беа анализирани од страна на ЕСЕ со цел да се утврди опфатот на мајките и децата од ромската заедница со превентивни здравствени услуги и тоа: посети од патронажни сестри за време на бременоста и по породувањето, здравствено-едукативни активности за здравјето на децата, како и опфатот на децата со вакцинација. Исто така, ги анализиравме податоците со цел утврдување на опфатот на жените Ромки со здравствените услуги поврзани со репродуктивното здравје и тоа: опфат со матичен гинеколог, превентивни гинеколошки прегледи кај матичен гинеколог, здравствена заштита за време на бременоста и опфат на жените со активностите предвидени во Програмата за скрининг на рак на грлото на матката. Преку анализата на податоците ги утврдивме клучните проблеми со кои се соочува ромската заедница во пристапот до горенаведените услуги. Базирано на овие наоди, како и на наодите од процесот на мониторинг и анализа на буџети на превентивните програми, започнавме со подготовка на Национална стратегија за застапување со цел унапредување на здравјето на мајките и децата од ромските заедници и унапредување на репродуктивното здравје на жената Ромка.

Во 2017 година ЕСЕ учествуваше во процесот на ревизија на Националниот акциски план за унапредување на здравјето на Ромите, кој беше иницииран од Министерот без ресор надлежен за спроведување на Стратегијата за интеграција на Ромите.

# 1.5.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ НА ЖЕНИТЕ ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД

Со цел спроведување на мониторинг на спроведувањето на социјалните и економските права на жените, односно мониторинг на процесите на планирање и имплементација на буџетите и политиките кои се однесуваат на спроведување на активните мерки за вработување и застапување, ЕСЕ во партнерство со Акција Здруженска, во 2017, го промовираше и започна Проектот “Социјална отчетност за родова еднаквост”. Преку спроведување на проектот ЕСЕ има за цел да изгради мрежа на граѓански организации кои ќе работат на примена и промоција на методологиите на социјална отчетност за осигурување на родовата еднаквост. Дополнително, во 2017 година, ЕСЕ во партнерство со Акција Здруженска постигнаа

значително влијание врз 11 локални граѓански организации за примена на методологиите на социјална отчетност во нивното работење низ процес на јакнење на нивните капацитети преку спроведување на обука поделена во два модули. Воедно, ЕСЕ постигна и значителен придонес во националните напори за следење и оценка на националните политики и мерки за вработување преку низа на активности: склучи договор за партнерство и техничка поддршка со четири локални граѓански организации од четири општини кои ќе го следат спроведувањето на политиките и мерките на локално ниво и ќе ги едуцираат граѓаните за нивните права за вработување; спроведе процес на мониторинг на програмската и буџетската имплементација на Оперативните планови и политики за вработување во изминатите три години; започна со промоција на потребата од креирање на политики и буџети за вработување базирани на приоритети и родова еднаквост итн.

# 1.6.

## НУДЕЊЕ НА СИСТЕМСКИ РЕШЕНИЈА ЗА НЕПЛАТЕНАТА РАБОТА ЗА НЕГА НА ТЕШКО БОЛНИ ЛИЦА

Во 2017 година спроведовме истражување помеѓу населението на национално ниво со цел утврдување на обемот и влијанието на неплатена работа за нега на тешко болни лица во домаќинствата. Истражувањето беше спроведено на терен во домаќинствата преку претходно подготвени прашалници. Со цел доследно спроведување на истражувањето беше селектирана група на анкетари за кои беше организирана обука за спроведување на теренското истражување. Истражувањето беше спроведено според претходно подготвен статистички релевантен примерок. Собраните податоци беа внесени во електронски бази на податоци и статистички анализирани. Анализираните податоци ќе послужат за подготовка на извештај од истражувањето.

# 2

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА



# 2.1.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПАРАПРАВНА ПОМОШ НА СИРОМАШНИТЕ И РАНЛИВИ ГРУПИ НА ГРАЃАНИ

Во 2017 година ЕСЕ продолжи да работи на зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за примена на методологијата за мерење на трошоци и квалитет на пристап до правда, вклучувајќи ја и  перспективата на оние кои остваруваат правда. Па така, последователно на активностите преземени во 2016 година, односно анализата на податоците за видот и обемот на помошта што ја нудат ГО и информациите за платите и оперативните трошоци на организациите, како и на трошоците поврзани со три најчести случаи со кои тие се среќаваат во 2017 година собиравме податоци за останатите трошоци поврзани со обезбедувањето на различните видови на помош и поддршка кои ги имаат ГО; трошоците што корисниците на услуги ги имаат во случаите во однос на кои бараат помош и поддршка од ГО; утврдување на трошоците поврзани со адвокатите кои нудат бесплатна правна помош; и истражување со цел валоризирање на можните придобивки од обезбедување на различните видови на правна помош меѓу корисниците на услуги. Во 2017 година податоци за трошоците на клиентите беа собрани од евиденцијата на седум ГО во период од шест месеци, согласно на образецот за собирање на податоци и инструкциите дадени од наша страна.  Со спроведување на овие активности ќе се продолжи и во иднина, имајќи во предвид дека едно од ограничувањето со кои се соочивме во 2017 година е тоа што тие не беа собрани за сите лица кои барале помош и поддршка и за сите трошоци до завршување на правниот проблем на лицата кои побарале помош и поддршка. Крајната цел на овие активности е градење на капацитети на ГО за континуирано следење на овие трошоци на лицата кои им се обраќаат.

Во однос на зајакнување на познавањата и вештините на параправниците кои обезбедуваат параправна помош на различни ранливи групи на граѓани, а имајќи предвид улогата и значењето на параправниците како некој го олеснува и овозможува пристапот до правда, односно придонесува кон правно описменување и зајакнување на ранливите групи на граѓани, од клучно значење за соодветно и навремено информирање и запознавање на лицата со кои работат е токму нивната едукација и запознаеност со правата и одговорностите кои граѓаните на РМ треба да ги уживаат во различни сфери на општественото живеење. Оттаму, ЕСЕ како организација која започна со развивање и воспоставување на моделот на обезбедување на параправна помош и поддршка, како продолжение на напорите за почетна и континуирана едукација на параправниците кои работат на полето на обезбедување на ваков вид на помош и поддршка во Ромските заедници за остварување на правата на Ромите од областа на здравствената заштита,

здравственото осигурување и заштитата на правата на пациентите, со помош на Фондацијата Отворено општество Македонија во рамките на Заедничката рамка за правно зајакнување, едукацијата наменета за параправниците ја прошири на други области на правото и на мнозинството на параправници кои во нашата земја обезбедуваат ваков вид на помош и поддршка. Во 2017 година врз основа на подготвените содржини на Прирачникот за едукација на параправниците подготвен во 2016 година, почнавме со спроведување на обуки наменети за параправници кои обезбедуваат параправна помош и поддршка на различни ранливи групи на граѓани од страна на ГО ИРИЗ, ЦДРИМ, КХАМ, ХОПС, ХЕРА и Хелсиншки комитет за човекови права. Спроведовме две – тридневни обуки со помош на три обучувачи на неколку теми. Параправниците ги зајакнаа своите познавања по однос на поделба на власта, извори на правото и поставеност на судовите во нашата земја; постапување на полицијата, јавното обвинителство и кривичните судови; постапување на граѓанските судови во семејни спорови и во имотни и наследни спорови, вклучувајќи го и начинот на остварување на бесплатна правна помош; препознавање на семејното насилство и постапување на ЦСР и ГО во однос на мерките за заштита на жените кои претрпеле семејно насилство. Покрај зајакнување на теоретските познавања на наведените прашања, на втората обука параправниците имаа можност да ги применат стекнатите знаења преку работа на студии на случај и игра на улоги кои беа подготвени за таа намена. И на двете обуки параправниците имаа за задача да одговорат на прашања за проверка на стекнатите знаења. И двете обуки беа оценети како корисни од страна на параправниците, односно над 90% од учесниците се изјаснија на ваков начин. Содржината и пристапот на обуките се подготвуваа во соработка и консултации со параправниците и врз основа на резултатите од спроведените проверки на познавањата.

# 2.2.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДОКАЗИ ЗА ПОТРЕБАТА ОД ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРАВНА ПОМОШ ОД СТРАНА НА ГО СО ЦЕЛ РЕШАВАЊЕ НА ПРАВНИ ПОТРЕБИ НА СИРОМАШНИТЕ И РАНЛИВИ ГРУПИ НА ГРАЃАНИТЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДОКАЗИ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДА

Во 2017 година ЕСЕ како партнер на Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници преземавме низа активности со цел промовирање на владеењето на правото на национално и меѓународно ниво и обезбедување на еднаков пристап до правдата за сите, како една од Целите за одржлив развој на Обединетите Нации. Односно, работевме на идентификување на надлежни релевантни институции за спроведување на Цел 16.3 и утврдување на степенот на преземени активности на локално ниво по однос на преточување на Цел 16.3,

вклучувајќи ги и сите останати активности кои се преземаат на полето на планирање и спроведување на развојните цели на национално ниво. Покрај тоа ги прибравме и анализиравме сите извори на податоци кои укажуваат на спроведување на оваа цел во нашата земја. Подеднакво внимание посветивме и на развивање на стратегија за подигнување на свесноста за Цел 16.3 помеѓу граѓанските организации и релевантните институции. Како резултат на овие напори подготвивме кратка информативна брошура и одржавме една средба со ГО кои работат на овозможување на пристап до правда во нашата земја.

Во 2017 година работевме на утврдување на трошоците и придобивките од обезбедување на различните видови на правна помош. Целта на овие активности е да утврди цената на чинење на трите различни форми на правна помош за сиромашните. Притоа намерата не е да се покаже дали една форма на правна помош чини помалку или повеќе, туку да се направи проценка на тековните трошоци за обезбедување на услуги, да се нагласи кој ги покрива тие трошоци и да се процени кои трошоци треба да ги покрие државата за да обезбеди ефективен пристап до правда. Па така, наодите од анализата укажаа на податокот дека "Доколку претходната бесплатна правна помош се обезбедува за сите сиромашни лица кои имаат потреба од таква помош, со примена на проширени критериуми за квалификуваност, доколку се дозволи користење правници без положен правосуден испит, и доколку здруженијата добиваат надомест дури и кога предметот не е проследен на суд, годишниот трошок би изнесувал **154.998.523 МКД, а д**околку параправните услуги се обезбедуваат за сите Роми кои имаат потреба од таква помош, годишниот трошок би изнесувал **63.726.467 МКД.** Овие проценки не ги вклучуваат: трошоците за правна помош во суски постапки, кои ќе имаат повисок трошок по клиент отколку трошокот пресметан за претходна правна помош; и административните трошоци, трошоците за докази од вештаци и другите трошоци на клиентите и здруженијата за судски и управни постапки." Освен тоа со анализата спроведена во 2017 година се обидуваме да ги процениме придобивките кои корисниците на различните модалитети ги имаат од обезбедената помош и поддршка. Наодите од анализата укажуваат дека: "Трошокот на корисникот претставува 14% од трошокот на невладините организации кои обезбедуваат правна помош според ЗБПП, 36% од трошокот на организациите кои обезбедуваат бесплатна правна помош, и 47% од трошокот на организациите кои обезбедуваат параправна помош. Повторно, овие наоди се повисоки поради неколку корисници на параправна помош кои имале многу високи патни трошоци и поради еден корисник кој платил многу високи судски такси за поведување постапка. Кај придобивките, организациите кои обезбедуваат бесплатна правна помош вон системот на ЗБПП се оценети со 97%, оние кои обезбедуваат параправна помош со 93%, додека овластените здруженија кои обезбедуваат претходна правна помош според ЗБПП имаат многу пониска оценка од 69%." Треба да се забележи дека овие активности се прв ваков обид во нашата земја и оттаму сите пречки и препораки што ги утврдивме

внимателно се забележени и ќе се земат предвид при натамошно спроведување на активностите.

Во 2017 година собиравме податоци и за трошоците и квалитетот на пристапот до правда за жени кои претрпеле семејно насилство. Во периодот од април до декември 2017 година беа собрани податоци за настанати трошоци за вкупно 53 жени кои побарале правна помош од Центарот за правна помош на ЕСЕ. Од првичниот увид во прашалниците може да се види дека клиентите најчесто пријавуваат трошоци за превоз, како и трошоци за иницирање на судска постапка. Во почеток на 2018 година ќе се спроведат последователни интервјуа по телефон со овие лица, во однос на: времето поминато во барање на правна помош; квалитет на услугата која е дадена од страна на граѓанската организација; доживеаниот емоционален стрес; и квалитетот на услугата добиена од овластениот адвокат. Врз основа на собраните податоци за трошоците, како и податоците од интервјуата ќе биде подготвена анализа за трошоци и придобивки од обезбедувањето на правна помош за жените кои претрпеле семејно насилство.

Со цел унапредување на пристапот до правда за Ромите во 2017 година ја обезбедивме потребната техничка помош и поддршка на три Ромски организации за обезбедување на параправна помош во локалните ромски заедници во Шуто Оризари, Делчево, Пехчево и Виница. Односно покрај споменатите активности за зајакнување на познавањата и вештините на параправниците, работевме на унапредување на начинот и системот за собирање на податоци за лицата кои побарале и на кои им е обезбедена параправна помош. Имено, го поедноставивме системот на прибирање на податоци и овозможивме вкрстување на податоците прибрани на терен и оние собрани од лицата кои побарале помош и поддршка со цел да го утврдиме влијанието на преземените интервенции. Во насока на унапредување на постапувањето на параправниците во индивидуалните случаи на прекршување на правата на лицата кои се обраќаат за помош и поддршка во 2017 година оствариме по две посети во трите партнерски организации, вкупно шест. По секоја посета изготвен е извештај за унапредување на одредени аспекти од работењето. Дополнително, соодветно на потребите ЕСЕ на барање на партнерските организации обезбеди консултација и помош околу обезбедување на потребната стручна правна помош.

# 2.3.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ КОИ ПРЕТРПЕЛЕ НАСИЛСТВО

Во текот на 2017 година ЕСЕ продолжи да презема суштински чекори за унапредување на правната заштита на жените кои претрпеле насилство. Во однос

на степенот на спроведување на стандардите на женските човекови права, кон крајот на 2017 година започнавме со подготовка на паралелен извештај кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените, заедно со Акција Здруженска, ЛА СТРАДА и Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници. Врз основа на наодите од судското набљудување и анализата на законската рамка од Проектот на УСАИД за правна заштита на жените, ЕСЕ го подготвува делот од извештајот за правна заштита за жените кои претрпеле насилство. Паралелниот извештај ќе биде поднесен до Комитетот за елиминирање на дискриминацијата врз жените при Обединети Нации во јануари 2018 година и со ова придонесуваме за зголемување на меѓународниот притисок врз нашата држава за спроведувањето на меѓународно прифатените стандарди за заштита на женските човекови права.

Во текот на 2017 година во рамките на Проектот на УСАИД за правна заштита на жените ги зголемивме напорите на полето на оценка на степенот на правна и судска заштита за жените кои претрпеле насилство. Препознавајќи ја потребата за зголемување на степенот на правна заштита за жените генерално, како и улогата на судовите во обезбедувањето на заштита и намалувањето на насилството, паралелно, работевме на подобрување на постапувањето на судиите во судските постапки поврзани со насилство врз жените, како и на унапредувањето на законската рамка и постапувањето на останатите институции кои се вклучени во правниот систем за заштита. Подготвивме извештај со главни наоди од спроведеното судско набљудување на 344 предмети и 780 судски рочишта поврзани со насилството врз жените во следните основни судови: Основен суд Скопје 1, Основен суд Скопје 2, Основен суд Битола, Основен суд Тетово, Основен суд Велес, Основен суд Штип, Основен суд Радовиш, Основен суд Гостивар, Основен суд Куманово и Основен суд Прилеп. Заедно со судиите дефиниравме конкретни препораки за подобрување на одделни аспекти од судското постапување во предметите поврзани со насилство врз жените. Еден од аспектите кој треба да се подобри во работата на судиите е изрекувањето на соодветната казнена политика за сторителите на семејно насилство, затоа што наодите од судското набљудување го илустрираа изрекувањето на условни осуди или парични казни наспроти предвидените затворски казни за сторителите на семејно насилство. Па така, за кривичното дело „тешка телесна повреда“ што претставува сериозна форма на семејно насилство, од вкупно седум донесени пресуди, дури пет се условни осуди, една е ослободителна и само во една пресуда судијата изрекол затворска казна за насилникот. Кон крајот на 2017 година, во рамките на проектот на УСАИД за граѓанско учество заедно со судиите започнавме да ја ревидираме методологијата и формуларите за продолжување со судското набљудување во 2018 година. Исто така, подготвивме сеопфатна анализа за законската рамка и институционалниот одговор кон насилството врз жените (семејно насилство, трговија со луѓе и насилство врз сексуални работнички) и заедно со професионалците од разни институции дефиниравме вкупно 48 препораки за менување или дополнување на законите,

односно надминување на утврдените недостатоци при постапувањето на институциите. Паралелно, подготвивме водичи за да ги информираме жените кои претрпеле насилство за законските можности за нивна заштита и да ги охрабриме да го пријават насилството и да иницираат судска постапка за нивна заштита.

Препознавајќи ја потребата за обезбедување директна поддршка за жените кои претрпеле насилство, во текот на 2017 година продолживме со обезбедувањето на бесплатни правни услуги и психолошко советување за жените кои претрпеле семејно насилство. Правна помош, односно правни совети и подготовка на писмени поднесоци беше обезбедена во вкупно 150 случаи, односно за 101 нов клиент и 49 постоечки клиенти во Центарот за правна помош. Жените најчесто се обраќаа заради правни потреби поврзани со бракоразводни постапки, при што беа подготвени вкупно 57 тужби за развод на брак и 45 други писмени поднесоци. За помал дел од жените беше обезбедена правна помош во постапките за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство. Психолошко советување било обезбедено за вкупно 30 жени кои претрпеле семејно насилство. За потребата од обезбедување на директна поддршка за жените и задоволството од обезбедените услуги говори и оваа изјава на корисничка на услугите на Центарот за правна помош на ЕСЕ „Господ и луѓе ми помогнаа да го најдам Центарот за правна помош. Јас овде добив помош, поддршка и доверба од страна на целиот тим, од адвокатот и психологот. Решив да ставам крај на насилството за мене и за моите деца“.

Заради забрзување на суштинските реформи во казнениот и граѓанскиот правен систем за заштита на жените кои претрпеле семејно насилство, ЕСЕ организираше широк консултативен процес за дефинирање на препораки за унапредување на законската рамка и постапувањето на судовите и останатите институции вклучени во правниот систем на заштита. Во средина на 2017 година организиравме Форум за правна заштита на жените кои претрпеле насилство на кој присуствуваа претседатели и судии од основните судови, судија од Апелационен суд, претставници на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда и надлежните институции кои имаат законски мандат да постапуваат во предметите на насилство врз жените. Форумот се организираше со цел отварање на поширока дискусија и дефинирање на препораки за унапредување на постоечките закони на ова поле, како и подобрување на постапувањето на институциите кои се вклучени во системот на заштита, како што се судовите, основни јавни обвинителства, центри за социјална работа, полиција. За таа намена, на учесниците на форумот им беа презентирани главните наоди од анализата на законската рамка и институционалното постапување кон насилството врз жените, како и наодите од судското набљудување на судски предмети поврзани со семејно насилство и трговија со жени. Утврдените недостатоци на ниво на законско регулирање, односно на ниво на индивидуално постапување на релевантните министерства и институции беа детално дискутирани од страна на судиите и останатите

професионалци кои работат со жените кои претрпеле насилство и беа предложени конкретни препораки за нивно надминување. Со ова ЕСЕ го практикуваме пристапот кој значи вклучување на практичарите во процесите на донесување на одлуки, односно судиите и другите стручни лица од институциите имаат можност директно да се вклучат во процесите на менување и дополнување на постоечката законска рамка за заштита на женските човекови права. Препораките за унапредување на законската рамка и институционалното, односно судското постапување во случаите на насилство врз жените ќе бидат доставени до надлежните министерства во јануари 2018 година.

# 3

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА



# 3.1.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСНОСТ ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ПОТРЕБАТА ОД БУЏЕТИРАЊЕ ЗАСНОВАНО НА ПРИОРИТЕТИ

Во 2017 година во континуитет работевме на подигнување на свесноста помеѓу пошироката јавност за важноста од фискална транспарентност и потребата од зголемување на сегашното ниво на транспарентност на јавните институции, преку обезбедување на информации и едукативни материјали и видеа во рамки на нашата кампања на социјалните медиуми "Фискална Транспарентност Македонија" и нашата тематска интернет страница www.fiskalnatransparentnost.org.mk. Во рамки на кампањата подготвивме и објавивме 312 поединечни информации и видеа, а истите беа посетени во 1.200.000 наврати. Дополнително, ЕСЕ во континуитет ја запознава јавноста со резултатите од своето целокупно работење преку кампањата на социјалните медиуми "Здружение ЕСЕ" и нашата интернет страница www.esem.org.mk. Во рамки на кампањата подготвивме и објавивме 312 поединечни информации и видеа, а истите беа посетени во 1.276.000 наврати. Преку содржините кои ЕСЕ ги објавува на својата интернет страница ЕСЕ допре до 5.317 лица.

# 3.2.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Како резултат на активностите спроведени во однос на оценување на проактивната транспарентност на јавните институции го подготвивме Извештајот за нивото на проактивна транспарентност за 2016 година, кој ја прикажува достапноста на 16 клучни буџетски документи на интернет страниците на 25 јавни институции. Овој извештај се користи од јавните институции, граѓанските организации и медиумите на национално ниво како релевантен извор на информации за презентирање на состојбите и напредокот во проактивното објавување на програмски и буџетски документи; иницирањето и спроведувањето на реформите во јавниот систем во РМ од овој домен; како и за преземањето на чекори за зголемување на бројот на документи и информации кои ќе бидат објавени од страна на јавните институции. Во октомври, 2017 година, Владата на РМ усвои листа на документи и информации кои министерствата се задолжени да ги објавуваат на своите интернет страници. Во рамки на листата предвидено е објавување на вкупно 21 документ и податоци за програмското и буџетското работење на министерствата.Покрај проактивната, во

2017 година ја оценувавме и реактивната транспарентност и како резултат на тие активности го подготвивме Извештајот за нивото на реактивна транспарентност за 2016 година, кој го прикажува исполнувањето на обврските кои произлегуваат од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на 54 јавни институции. Како и претходниот и овој извештај се користи од јавните институции, граѓанските организации и медиумите на национално ниво како релевантен извор на информации за презентирање на состојбите и напредокот во постапувањето на јавните институции по Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер; иницирањето и спроведувањето на реформите во јавниот систем во РМ од овој домен; како и за преземањето на чекори за унапредување на постапувањето на јавните институции во постапките за пристап до информации од јавен карактер. Важно е да се наспомене дека јавните институции во изминатите пет години го унапредија нивото на реактивност, односно го подобрија своето постапување во постапките за пристап до информации од јавен карактер. Имено, наодите од извештајот говорат дека намален е бројот на институции кои се оценети како реактивно нетранспарентни, подобрен е рокот во обезбедување на информации од јавен карактер во официјални постапки, намален е бројот на жалби заради молчење на јавната администрација, намален е бројот на одбиени или пак запрени постапки, итн.. Во 2017 година, Министерството за правда инициираше постапка за измени и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Со цел осигурување на континуитетот во напредокот на јавните институции во примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ЕСЕ во 2017 година спроведе 1.345 постапки за барање на информации од јавен карактер пред 68 јавни институции и иницираше 120 жалбени постапки.

Во 2017 година како резултата на активностите за оценување на нивото на транспарентност во постапките за јавни набавки спроведени од јавните здравствени установи го подготвивме извешајот "Јавните набавки сива зона во јавниот здравствен сектор" во соработка со Деби Бадлендер. Со подготвоката на овој извештај ги идентификувавме и презентиравме клучните надостатоци во спроведувањето на 7.054 постапки за јавни набавки од страна на 62 јавно здравствени институции во периодот 2011 - 2015 година. Во извештајот дадовме и свои препораки за надминување на овие надостатоци. Дополнително, во текот на 2017 година, со цел да го прикажеме напредокот/уназадувањето во овој домен продолживме со мониторинг на постапките за јавни набавки водени од истите јавно здравствени институции за периодот 2016 и 2017 година. Во 2017 година, Бирото за јавни набавки воведе можност за објава на доделените договори за јавни набавки за постапките за доделување на договор за јавна набавка, при што целокупната јавност ќе има увид во истите.

# 3.3.

## ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕТО НА НИВОТО НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Во 2017 година презедовме низа активности во однос на предлагање на решенија за унапредување на состојбите. Но, покрај предлагањето на решенија го следевме и спроведувањето на усвоените мерки по однос на фискалната транспарентност и пристапот до информации. Имено, врз основа на наодите од спроведениот мониторинг на нивото на реактивна и проактивна транспарентност на јавните институции ЕСЕ подготви и достави препораки до повеќе од 70 јавни институции. Дополнително, врз основа на наодите од целокупното работење во рамки на програмата за мониторинг и анализа на буџети, ЕСЕ достави информација и барање за средба со цел презентирање на работењето и барањата на ЕСЕ до Министерот за финансии и до Премиерот на РМ. Со цел, систематизирано и насочено делување за унапредување на нивото на фискална транспарентност, ЕСЕ во соработка со национален експерт за застапување, изготви тригодишен план за застапување (2017 – 2020), кој го операционализираше во едногодишен план на акции за застапување.

Во 2017 година како резултат на активното учество ЕСЕ во работните групи за фискална транспарентност и пристап до информации во процесот на Отворено владино партнерство, Владата на РМ го задолжи Министерството за здравство, да ги финализира и објави извештаите за програмска и буџетска имплементација на секоја од превентивните и куративните програми од буџетот на министерството, како и да спроведе кампања за нивна промоција. Министерството за здравство на предлог и во директни консултации со ЕСЕ разви формати за полугодишно и годишно програмско и буџетско известување за секој од 22- те превентивни и куративни програми од буџетот на Министерството за здравство. Министерството за прв пат во јануари 2018 година треба да ги објави овие извештаи на својата интернет страница. Дополнително, во рамки на истиот процес, Владата на РМ ги задолжи Министерството за здравство, да да започне со пилотирање на методологиите на социјална отчетност. Па оттука, со техничка поддршка и помош од ЕСЕ, Министерството за здравство идентификуваше програма на чија имплементација ќе биде пилотирана методологијата за социјална ревизија. Станува збор Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата. На барање на министерството, ЕСЕ разви и достави предлог цели на пилотирањето на методологијата, предлог предмет на мониторинг и предлог општини каде оваа методологија ќе биде пилотирана. Во наредниот период ЕСЕ ќе спроведе процес на јакнење на капацитетите на претставници од Министерството за здравство за примена на методологијата на социјална ревизија и ќе го фацилитира пилотирањето на оваа методологија. Исто така, како резултат на учеството на ЕСЕ

во процесот на Отворено владино партнерство, ЕСЕ допринесе кон отворање на прашањето на начинот на кој е искористен грантот ОРИО од страна на Министерството за здравство, како и генерално кон подигнување на свесноста за потребата од информирање на јавноста за начинот на спроведување на странската помош. Преку учеството, ЕСЕ во соработка со Министерството за финансии ревидирани и одобрени се информациите кои Министерството за здравство и Секретаријатот за европски прашања треба да ги објават на своите интернет страници по однос на програмската и буџетската имплементација на грантот ОРИО. Овие институции, информациите треба да ги објават најдоцна до почетокот на 2018 година. Воедно, преку учеството во работната група за унапредување на ефикасноста во управувањето со јавните финансии и континуиран притисок, Министерството за финансии подготви и објави граѓански буџет на буџетот на РМ и измените и дополнувањата на буџетот на РМ за 2017 година. Со цел информирање на јавноста за начинот на спроведување на процесот на Отворено владино партнерство и прикажување на степенот на реализација на заложбите преземени од јавните институции, како и давање на независна оценка и препораки за спроведувањето на процесот ЕСЕ подготви и промовираше извештај во сенка по однос на имплементацијата на приоритет 3 (пристап до информации) и приоритет 5 (ефикасно управување со јавните ресурси – фискална транспарентност) од Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2016 / 2018 година. Како резултат на севкупните напори на ЕСЕ за унапредување на функционирањето на фискалниот систем во РМ и унапредување на нивото на фискална транспарентност, Министерството за финансии во септември 2017 година, преку усвојување на програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2018 – 2021, се заложи да работи во унапредување на седум клучни област од областа на јавните финансии, со што делумно се адресираат недостатоците и слабостите во системот на јавни финансии идентификувани и застапувани од ЕСЕ. Преку Програмата министерството се обврза да работи на: Приоритет 1: подобрена фискална рамка (зајакнато планирање на јавните финансии и усвојување на фискални правила); Приоритет 2: зајакнување на законската рамка и постапки за мобилизација на приходите; Приоритет 3: унапредување на планирањето и буџетирањето; Приоритет 4 – зајакнување на извршувањето на Буџетот; Приоритет 5: зголемување на транспарентноста на владино известување за буџетот; Приоритет 6: зајакнување на внатрешната контрола и Приоритет 7: надворешна контрола и парламентарен надзор.

Во рамки на активностите за пристап до информации од јавен карактер во 2017 година ЕСЕ даде значителен придонес кон одбележувањето на Меѓународниот ден на правото на слободен пристап до информации преку подготовка и објавивување на три индивидуални приказни на граѓани за пречките со кои се соочуваат во остварувањето на правото на пристап до информации од јавен карактер; развивање и промовиравирање на документарен филм со кој се прикажува праксата на почитување на правото на пристап до информации од јавен карактер и

спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во кој своето искуство го пренесоа ЕСЕ, ЦЕА и БИРН; организирање и спроведување на прес конференција проследена со јавна дебата за промовирање на документарниот филм и презентирање на наодите од извештаите за мерење на нивото на реактивна и проактивна транспарентност подготвени од ЕСЕ. Исто така, ЕСЕ во соработка со Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер започнаа со развивање на план за спроведување на кампања за подигнување на јавната свесност за правото на пристап до информации од јавен карактер. Врз основа на искуството на ЕСЕ од активно користење на Законот за слободен пристап до информации јавен карактер и активно учество во работната група за пристап до информации во рамки на ОВП, доставивме предлози за измени и дополнувања на Законот за пристап до информации од јавен карактер до Министерство за правда.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ПЕРИОДОТ
# ЈАНУАРИ 2017 – ДЕКЕМВРИ 2017



| **Приходи** | **износ во МКД** |
|---|---|
| **1. Пренесен дел на вишокот на приходите од претходна година** | **5,773,571** |
| **2. Приходи од камати и курсни разлики** | **13,490** |
| **3. Приходи од донации, членарини  и подароци** | **23,659,171** |
| - ФООМ (Фондација Отворено Општество) | 12,610,756 |
| - Европска Комисија | 3,621,207 |
| - Ист Вест институт за менаџмент | 610,800 |
| - УСАИД | 5,392,719 |
| - Останати приходи | 1,423,689 |
| **Вкупно** | **29,446,232** |

| **Расходи** | **износ во МКД** |
| --- | --- |
| - Расходи за материјални трошоци, услуги и амортизација | 6,756,061 |
| - Расходи за капитални и други средства | 826.573 |
| - Расходи за помош, донации и други средства | 26,631 |
| - Расходи за плати и надомест за плати | 6,071,553 |
| - Расходи за Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 64,194 |
| - Други расходи | 10,579,023 |
| **Вкупно** | **24,324,035** |

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ**

**www.esem.org.mk**